ПАКОМАК

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Е-ИНФО 10

АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ВО ПЕРИОДОТ ОД АПРИЛ ДО ЈУНИ 2014

ПАКОМАК

PRO EUROPE

АМАБАЛЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, **МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!**

АКТИВНОСТИ НА КОМПАНИЈАТА

ВО ВТОРОТО ТРОМЕСЕЧЈЕ ОД ОВАА ГОДИНА, ПАКОМАК УСПЕШНО ЗАВРШИ ПОВЕЌЕ ПРОЕКТИ КОИ ГЛАВНО БЕА ФОКУСИРАНИ НА ЕДУКАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО, НО И НА КЛИЕНТИТЕ, ЗА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈАТА И ПРЕРАБОТКАТА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД. ВО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА КОМПАНИЈАТА ВО ПЕРИОДОТ ОД АПРИЛ ДО ЈУНИ ОВАА ГОДИНА.

АПРИЛ - ЈУНИ 2014

ПАКОМАК | PRO EUROPE

БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

- УЧЕСТВО ВО РОМСКИОТ БИЗНИС ФОРУМ
- ПАКОМАК НА ДОРУЧЕК СО НОВИНАРИТЕ

НАСЕЛЕНИЕ (Инвестиции во инфраструктура)

- ДОНАЦИЈА НА КОНТЕЈНЕРИ ВО ШТИП И ТЕТОВО
- ДОНАЦИЈА НА КАНТИ ВО БИТОЛА
- ПОСТАВЕНИ КАНТИ НА КЕЈОТ НА ОХРИД
- ДОНАЦИЈА НА КОНТЕЈНЕРИ ВО ДОЈРАН
- ДОНАЦИЈА НА КОНТЕЈНЕРИ ВО НЕГОТИНО
- ДОНАЦИЈА НА КОНТЕЈНЕРИ ВО КАРПОШ И АЕРОДРОМ
- ПОСТАВЕНИ КАНТИ ВО ЗООЛОШКАТА ВО БИТОЛА

НАСЕЛЕНИЕ (Едукација на население)

- ЕКОМАСКЕНБАЛ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАКОМАК И РАМСТОР
- ПАКОМАК НА FASHION WEEKEND
- ПАКОМАК И ПАСВОРД ПРОДУКЦИЈА СО ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА
- ПАКОМАК СО ПРОМОЦИИ НА КОНЦЕРТОТ НА РОЏЕР САНЧЕЗ
- ГОЛЕМАТА ЕКО-АКЦИЈА НА ПАКОМАК, СЕГА И ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО НЕГОТИНО
- ЕДУКАТИВЕН ЧАС ВО ОУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
- ПАКОМАК И ШПАРКАСЕ БАНКА ГИ НАГРАДИЈА НАЈУСПЕШНИТЕ УЧЕНИЦИ ВО ПРОЕКТОТ „РЕЦИКЛИРАЊЕ - КАЖИ ДА!“
- СОРАБОТКА СО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ТЕТОВО
- УСПЕШНА ЕКО-АКЦИЈА СО СКОПСКИТЕ КАФУЛИЊА И РЕСТОРАНИ
- ПОДЕЛЕНА МАПА НА ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ПОМЕЃУ ГРАЃАНИТЕ
- ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ „БИДИ ИН КОРИСТИ РИСАЈКЛ БИН“ ВО ГРАДИНКИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
- ПАКОМАК НА SKOPJE STREET FESTIVAL
- ДОДЕЛЕНИ КАРТИ ЗА КОНЦЕРТОТ НА X-FACTOR
- ФЕЈСБУК АПЛИКАЦИЈА “САКАМ ДА БИДАМ”
- КОНЦЕРТ SOUND OF GREEN

БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

1 УЧЕСТВО ВО РОМСКИОТ БИЗНИС ФОРУМ

Пакомак учествуваше на Ромскиот Економски и Бизнис Форум, организиран од страна на Ромскиот бизнис-информативен центар од Македонија и Република Унгарија.

На конференцијата Пакомак ги истакна бенефитите од управувањето со амбалажниот отпад од еколошки, но и од бизнис аспект. Покрај почиста животна средина и продолжен век на депониите, рециклирањето го зголемува националниот БДП и носи вработувања за неформалните собирачи на отпад. Компанијата истакна дека во моментов им е потребна поголема поддршка на неформалните собирачи на отпад, во однос на нивно легализирање, за да може да ги користат придобивките од вработувањето. За таа цел, компанијата активно апелира до надлежните министерства во земјава, како и кај комуналните претпријатија и колективните постапувачи со отпад да се легализира нивното вработување.

Пакомак ќе продолжи да им ја дава целата своја поддршка на неформалните собирачи на отпад затоа што токму тие имаат важна улога во системот за управување со амбалажен отпад на компанијата.

2 ПАКОМАК НА ДОРУЧЕК СО НОВИНАРИТЕ

Пакомак во месец мај беше на доручек со новинарите чија цел беше да ги информира подетално медиумите за важноста од селектирањето и рециклирањето на отпадот. Компанијата верува дека сите треба активно да бидеме вклучени во процесот на зачувување на животната средина, а медиумите се едни од оние кои најмногу може да помогнат во ширење на еколошката мисија.

Новинарите беа известени за податоците на Министерството за животна средина, според кои во Македонија се создаваат околу 106.000 тони отпад од пакување. Во моментов само половина од оваа количина се пријавува, односно евидентира преку колективните системи за управување со отпад, а потоа се селектира и само одреден дел се рециклира во организација на Пакомак. Според законот за Управување со пакување и отпад од пакување секој колективен систем за управување со отпад треба да евидентира најмалку 15.000 тони отпад од пакување годишно и истовремено законски да рециклира најмалку 18% од евидентираниот амбалажен отпад во својот систем, критериуми кои ги исполнува само компанијата Пакомак, кој за 2013 година евидентираше 40.753 тони отпад од пакување, рециклираше 9.302 тони. Во Македонија од амбалажниот отпад се рециклира само пластика, додека стаклото и хартијата се носат во некоја од соседните земји. Целиот оној отпад кој не се евидентира и не се третира најчесто завршува на депониите. Самиот факт дека количните кои се депонираат се зголемуваат од година на година е алармантен самиот по себе и наметнува потреба од реакција, бидејќи отпадот не мирува, туку напротив тој во форма на метан или друг отровен гас испарува, а тоа е нешто што сите ние го дишеме. Дополнително, ја загадува почвата и водата што особено негативно влијае на сите земјоделски производи кои се произведуваат кај нас.

Законот е генерално јасен, само е потребно негово доследно спроведување, и позасилена инспекторска контрола на терен. Самото избегнување на плаќање на надомест за управување со отпад ги става во нерамноправна состојба компаниите кои плаќаат и кои се општествено одговорни, наспроти оние кои не плаќаат и кои со тоа го оштетуваат буџетот на Р. Македонија.

За подобрување на состојбите во зачувувањето на животната средина потребно е активно учество на сите, на граѓаните кои со совесно однесување селективно ќе го одложуваат отпадот, на локалната самоуправа која ќе работи на подобрување на инфраструктурата, на комуналните претпријатија кои поефикасно ќе работат, од колективните управувачи со амбалажен отпад, како и од самите извршни органи кои ќе контролираат и по потреба казнуваат за незаконско однесување, беше еден од заклучоците донесени на доручекот каде што се брифираа новинарите.

Пакомак на новинарите им најави дека во следните 4 години се планира просечен раст од 20% на стапката на собирање и рециклирање на отпадот од амбалажа, со крајна цел во 2020 дури 60% од амбалажниот отпад да завршува на рециклирање наместо на депониите во земјава, што е услов согласно Европската директива 2004/12/ЕЗ за отпад од пакување. За 2014 година веќе е договорено поставување на 200 нови жолти пластични контејнери за ПЕТ шишиња во Град Скопје, 30 исти такви контејнери за Тетово и 500 канти за домаќинства во Битола. Во Штип компанијата има поставено над 70 контејнери, а и со Охрид се планира дополнително интензивирање на соработката. Покрај поставувањето на комунална инфраструктура за примарна селекција од страна на граѓаните, Пакомак врши и интензивни едукативни активности за бенефитите од селектирањето на амбалажниот отпад и негово рециклирање, како и активности за подигање на јавната свест за рециклирањето кај целата популација.

Сепак, за реализација на сите планови, на Пакомак му е неопходна поголема вклученост на локалните самоуправи во организирањето на примарното селектирање на амбалажниот отпад од граѓаните, но и од самите граѓани кои треба совесно да се однесуваат кон животната средина.

НАСЕЛЕНИЕ
ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНФРАСТРУКТУРА

3 ДОНАЦИЈА НА КОНТЕЈНЕРИ ВО ШТИП И ТЕТОВО

Пакомак во општините Штип и Тетово дониираше контејнери за пластика со што продолжи континуираната инвестиција на компанијата за поставување контејнери за комунален отпад низ земјата, кои ќе овозможат селективно собирање на амбалажниот отпад, поголема хигиена и зачувување на животната средина.

Пакомак и во иднина ќе продолжи со инвестиции во комунална инфраструктура низ градовите. Во некои од нив сè уште нема доволно контејнери за комунален отпад, ниту пак за селективно собирање, па затоа главната цел на компанијата е во соработка со локалната самоуправа тоа да се смени и на различни локации да има барем по еден контејнер за селектирано фрлање на амбалажниот отпад, пред се ПЕТ, хартија и лименки, како и да се обезбедат специјализирани возила кои ќе ги опслужуваат.

Паралелно, Пакомак ќе продолжи и да го едуцира населението за важноста на селектирање и рециклирање на отпадот затоа што нивната улога во процесот е најважна. Тие треба да го дадат својот личен придонес, односно во одделна кеса да ги собираат пластичните шишиња, лименки и хартија и да ги фрлаат во посебен контејнер, најчесто жолт или син по боја, се разбира во оние места каде нив ги има. Само на тој начин заедно ќе придонесеме да имаме почиста земја, правејќи заштеда на природните ресурси, енергија и почва.

4 ДОНАЦИЈА НА КАНТИ ВО БИТОЛА

Во Брусничка населба Пакомак донираше 500 канти на 500 домаќинства, со што официјално започна проектот за примарна селекција на отпад од пластика кај домаќинствата во Битола.

Реализацијата на овој проект, во соработка со општина Битола и ЈКП Комуналец, ќе се прошири и во другите населби во општината со цел да се подобри квалитетот на живеење во градот, но и да се зачува животната средина. Дополнително, компанијата ќе спроведува активности за едукација на населението за важноста од селектирањето и рециклирањето на отпадот за полесно и поуспешно да го спроведе проектот помеѓу населението.

5 ПОСТАВЕНИ КАНТИ НА КЕЈОТ НА ОХРИД

Пакомак постојано инвестира во комуналната инфраструктура во нашата земја, па во рамки на своите активности постави канти за селектирано фрлање на отпадот на кејот во Охрид.

Сега туристите, но и локалните граѓани, ќе имаат можност да го фрлаат својот отпад во соодветните канти (за пластика, стакло или лименки) и со тоа да придонесат за една почиста охридска ривиера. Само заедно може да ги заштитиме убавините на градот Охрид и уште повеќе да уживаме во омилената туристичка дестинација во Македонија.

6 ДОНАЦИЈА НА КОНТЕЈНЕРИ ВО ДОЈРАН

За поеколошки и почист град, Пакомак дониираше контејнери за пластика и стакло во општина Дојран пред почетокот на туристичката сезона.

Општината доби нови 8 контејнери (4 за собирање пластична и 4 за стаклена амбалажа), а во изминатиот период беа донирани и 6 други контејнери за пластика, што севкупно придонесува кон подобрување на комуналната инфраструктура во градот, и им овозможува на граѓаните на општина Дојран, но и сите други посетители, селективно да го одложуваат отпадот.

Општината Дојран во изминатите неколку години вложи многу во подобрувањето на изгледот на градот, на плажите и сместувачките капацитети, се со цел Дојран повторно да стане омилената туристичка дестинација на посетителите. Токму пред почетокот на сезоната на годишни одмори, кога во Дојран се очекува најголемата фреквенција на луѓе во годината, Пакомак ги постави овие контејнери кои ќе и помогнат на општината да го одлага селективно отпадот и да го одржи градот чист.

Пакомак и понатаму ќе продолжи со инвестиции во контејнери за комунален отпад ширум земјава, кои ќе овозможат селективно собирање на амбалажниот отпад, поголема хигиена и зачувување на животната средина.

7 ДОНАЦИЈА НА КОНТЕЈНЕРИ ВО НЕГОТИНО

За почиста животна средина и за подигнување на хигиената во градот Неготино, Пакомак на ЈП Комуналец - Неготино му дониираше 10 контејнери, како и преса за балирање на отпадот од пакување.

Со развивање на комуналната инфраструктура, создадена е можноста граѓаните одделно да го одложуваат амбалажниот од комуналниот отпад, а бенефитите од селектираното собирање на амбалажен отпад и неговото понатамошно рециклирање ќе бидат повеќекратни за општината. Прво, се штедат природните ресурси како што се нафтата за производство за нова пластика и дрвената маса за производство на хартија. Истовремено, се продолжува животниот век на депониите, а сето тоа е предуслов за создавање почиста иднина за новите генерации.

Компанијата се надева дека со градењето на комунална инфраструктура на територијата на цела Македонија, како и со подигнување на еколошката свест помеѓу граѓаните со постојаните активности и кампањи, ќе дојдеме до фаза кога на секој граѓанин ќе му биде непријатно доколку фрли празно шише во друг контејнер освен во оној за амбалажен отпад.

8 ДОНАЦИЈА НА КОНТЕЈНЕРИ ВО КАРПОШ И АЕРОДРОМ

Компанијата Пакомак постојано инвестира во контејнери за комунален отпад ширум земјава, кои ќе овозможат селективно собирање на амбалажниот отпад, поголема хигиена и зачувување на животната средина.

Во рамки на тие инвестиции беа поставени нови жолти контејнери за собирање на пластика во општините Карпош и Аеродром и со ваквото проширување на комуналната инфраструктура, граѓаните ќе може многу полесно отколку досега селектирано да го одложуваат отпадот. Целта на компанијата е вакви контејнери да бидат поставени во секое маало, пред секоја зграда, а селектираното одложување на отпадот да биде секојдневна навика на сите граѓани.

9 ПОСТАВЕНИ КАНТИ ВО ЗООЛОШКАТА ВО БИТОЛА

Пакомак постави канти наменети за пластика, хартија и лименки во Зоолошката градина во Битола.

Со поставените канти, на сите посетители во Зоолошката градина им се овозможи селектирано да го фрлаат својот отпад и да придонесат за почиста Зоолошка, почист град, но и почиста животна средина. Децата, како најчести посетители таму, сега уште од најрана возраст ќе имаат можност да научат колку е лесно да направат многу за природата.

НАСЕЛЕНИЕ
ЕДУКАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕ

10 ЕКОМАСКЕНБАЛ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАКОМАК И РАМСТОР

На денот на смеата и шегата – 1 ви април, во ТЦ Рамстор се одржа вториот по ред екомаскенбал во организација на Пакомак и Рамстор. Под мотото „Рециклираме и се маскираме“ малите креативци од градинките и основните училишта од Скопје изработија оригинални маски од амбалажата на производите кои секојдневно ги употребуваат.

Жири-комисијата ги избра најдобрите екомаски и тоа во 2 категории на учесници – деца од 3 до 9 години и деца од 9 до 14 години. На победниците во секоја од овие категории им беа доделени – велосипед, ролерки и скирол.

По доделувањето на наградите, забавата продолжи со најпопуларните детски песнички.

Екомаскенбалот беше одлична можност дечињата преку маскирање во своите омилени јунаци да ја разбудат својата креативност, но истовремено и да научат за тоа како правилно да го селектираат и рециклираат отпадот. Овој настан е продолжување на практиката на Пакомак за поддржување на еколошки настани и акции кои вклучуваат деца и нивна еко-едукација.

11 ПАКОМАК НА FASHION WEEKEND

Традиционално, трета година по ред, Пакомак го поддржа модниот викенд во Скопје.

На овој Fashion Weekend компанијата ги потсети присутните дека природата е секогаш во мода. За да ја зачуваме – треба да го рециклираме амбалажниот отпад исто онака како што ги „рециклираме“ старите парчиња гардероба во модерен моден израз.

Компанијата и понатаму ќе продолжи, преку активно учество во најразлични настани и активности, да ја промовира важноста од селектирањето и рециклирањето на отпадот за да создаде почиста иднина за новите генерации.

12 ПАКОМАК И ПАСВОРД ПРОДУКЦИЈА СО ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

Со цел промовирање на екологијата и еколошки одговорното однесување во една поинаква и несекојдневна форма, компанијата Пакомак промовира нов тренд- екологија во музиката. За оваа цел, Пакомак потпиша договор за соработка со Пасворд Продакшн - продукциска куќа за организација на музички настани во Македонија. Овие две компании со заеднички напори ќе се потрудат добрите еколошки навики да станат дел од музичките збиднувања во Македонија, односно посетителите на настаните и самите учесници да се однесуваат еколошки одговорно и во согласност со заповедите за грижата на околината, што на крајот би влијаело за подигнување на колективната еколошка свест.

Со потпишаниот договор, Пакомак ќе стане партнер на сите идни настани и концерти кои ќе бидат во организација на продукциската куќа Пасворд со што ќе добие можност за континуирана промоција на добрите еколошки навики кај посетителите, но и кај јавноста пошироко.

password production
www.password.mk

ПАКОМАК

"GREEN DOT"
ЕКСКЛУЗИВНА ЛИЦЕНЦА
НА ПАКОМАК ЗА МАКЕДОНИЈА

13 ПАКОМАК СО ПРОМОЦИИ НА КОНЦЕРТОТ НА РОЏЕР САНЧЕЗ

На концертот на Роџер Санчез, организиран од Пасворд продукција, Пакомак имаше едукативни активности за посетителите чија главна цел беше подигнувањето на еколошката свест.

На Фејсбук-страницата на компанијата, за точен одговор на поставените екопрашања, фановите бесплатно добиваа влезници за на концертот. На самиот концерт, пак, за донесени 3 празни пластични чаши – посетителите добиваа бесплатна пијачка.

Со ваквите промотивни активности, Пакомак ги едуцираше посетителите на концертот за важноста од селектирање и рециклирање на отпадот. За почиста планета, почист воздух и поздрава храна, потребно е сите да направиме мала промена во навиките, што ќе донесе голема промена за животната средина.

14 ГОЛЕМАТА ЕКО-АКЦИЈА НА ПАКОМАК, СЕГА И ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО НЕГОТИНО

Пакомак на основните училишта во Неготино им дониираше контејнери за собирање на пластика, со што компанијата ја продолжи својата училишна еко-акција во уште еден град. Нејзината цел е создавање на почиста околина и подобрување на хигиенските услови во училиштата.

Учениците во одредени денови ќе ги полнат контејнерите со амбалажен отпад од пластика - шишиња од вода, сокови, јогурт, пиво, оцет, од масло и сл. Проектот ќе има и натпреварувачко – мотивирачки карактер, бидејќи на крајот на учебната година ќе се додели награда за најеколошкото училиште од секоја општина, но заедно со Шпаркасе Банка ќе се наградат и учениците кои ќе донесат најмногу пластични шишиња во текот на школската година.

Целта на Пакомак е оваа акција да се спроведе во сите училишта од нашата земја затоа што добрите еколошки навики се стекнуваат уште од најмлада возраст.

15 ЕДУКАТИВЕН ЧАС ВО ОУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

Пакомак одржа едукативен час во ОУ „Браќа Миладиновци“ каде што на учениците им беа презентирани бенефитите од рециклирањето.

Најмладите беа запознаени со различните видови на отпад, времето кое е потребно истиот да се распадне во природата, како и за процесот на рециклирање со кој стариот амбалажниот отпад станува нов производ. На учениците им беше презентиран целиот ланец за успешно собирање и рециклирање на отпадот, од кој сите имаме придобивка: природата, училиштето и сите граѓани.

Екологијата и здравата животна средина се приоритет на Пакомак и заложбите за обезбедување на поубава иднина за младите генерации ќе продолжат да се спроведуваат и понатаму, преку најразлични активности.

16 ПАКОМАК И ШПАРКАСЕ БАНКА ГИ НАГРАДИЈА НАЈУСПЕШНИТЕ УЧЕНИЦИ ВО ПРОЕКТОТ „РЕЦИКЛИРАЊЕ - КАЖИ ДА!“

Во основното училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“, во присуство на градоначалниците на скопските општини, директорите на училиштата и одговорните за образование од општините, Пакомак и Шпаркасе Банка Македонија ги прогласија 18-те најуспешни ученици од заедничкиот прокет “Рециклирање – КАЖИ ДА!“.

Најуспешните ученици кои донесоа најголем број пластични шишиња во текот на оваа учебна година беа наградени од Шпаркасе Банка со детски штедни книшки Медо Штедо со почетен паричен влог, а Пакомак ги награди со бројни спортски реквизити.

„Рециклирање - КАЖИ ДА!“ е проект за собирање и рециклирање пластична амбалажа и стара хартија кој има за цел еколошка едукација на децата за потребата и придобивките од собирањето отпад и неговото рециклирање, како и подигнување на нивото на хигиена во училиштата. Проектот веќе

втора година по ред дава успешни резултати. Вкупно 31.700 ученици од 54 основни училишта во 6-те општини на Град Скопје (Карпош, Центар, Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба и Ѓорче Петров), оваа учебна година собраа повеќе од 40 тони пластичен отпад или повеќе од 1.5 милиони шишиња.

Еколошката акција во која за собраниот пластичен амбалажен отпад Пакомак возвраќа со течен сапун за хигиена во основните училишта, е одлично прифатен од страна на децата, наставниците и родителите. Сите дечиња кои во периодот септември 2013 – март 2014 покажаа најголем интерес во реализацијата на проектот „Рециклирање - КАЖИ ДА!“ беа наградени од Пакомак и Шпаркасе Банка. Овие награди се дополнителна мотивација за помасовно да се вклучат децата во проектот.

17 СОРАБОТКА СО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ТЕТОВО

Големата еколошка акција за почиста околина и за подобрување на хигиенските услови во училиштата, во организација на Пакомак, продолжува и на територијата на град Тетово. Пакомак во соработка со градоначалничката на Тетово г-ѓа Теута Арифи и директорот на ЈКП Џелал Цека, иницираше активности за поставување на наменски жолти контејнери за собирање на амбалажен отпад од пластика во секое основно училиште од оваа општина.

Како и досега, учениците во одредени денови ќе треба да ги полнат контејнерите со амбалажен отпад од пластика - со пластични шишиња од вода, сокови, јогурт, пиво, оцет, масло, шампони...Собраниот амбалажен отпад ќе го собира и мери во тежина ЈКП Тетово, а по доплнителното селектирање и сортирање, амбалажниот отпад ќе се рециклира наместо да заврши на депонија.

Целта на акцијата е од најмала возраст да ги поттикне децата да го селектираат отпадот за да создадеме нови, еколошки едуцирани генерации кои активно ќе учат дека со селектирање на отпадот ја зачувуваме природата.

18 УСПЕШНА ЕКО-АКЦИЈА СО СКОПСКИТЕ КАФУЛИЊА И РЕСТОРАНИ

Акцијата на компанијата Пакомак и скопските кафулиња и ресторани за селективно фрлање отпад во угостителството, започната минатата година, интензивно продолжи и оваа година, со вклучување на повеќе објекти. Месечно се собираат повеќе од 4 тони стакло, а се планира вклучување на дополнителни објекти со што количините кои ќе се собираат и носат на рециклирање ќе се зголеми.

Еколошката акцијата започна со почетни 15-тина познати скопски кафулиња и ресторани, кои покажаа општествено-одговорно однесување и дадоа придонес кон зачувувањето на животната средина и природните богатства на нашиот главен град, за денес бројката да биде многу поголема.

Во секое од кафулињата и ресторане вклучени во овој проект, од страна на Пакомак се поставени канти за селектирано фрлање на отпадот во кои персоналот ја фрла амбалажата од пијалоците. Дополнително, сите кафулиња и ресторани се избрендирани со интересни еко-пораки чија цел е да ги поттикнат и гостите во овие угостителски објекти да го селектираат и рециклираат отпадот.

Преку оваа акција, целта на Пакомак е да ја зголеми свесноста кај луѓето, да создаде здрави еколошки навики и едноставно - поубава средина за живеење за сите нас.

19 ПОДЕЛЕНА МАПА НА ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ПОМЕЃУ ГРАЃАНИТЕ

Пакомак, со цел да промовира помасовно користење на подземните контејнери за пластична ПЕТ амбалажа, изработи мапа на локации каде што се поставени овие контејнери.

Летоците со мапа на локации, наменети за општина Центар, Аеродром и Карпош, како и за градот Битола, беа поделени помеѓу граѓаните со повик да го рециклираат својот пластичен отпад и да придонесат за почисто маало, почист град и почиста иднина.

Средствата собрани од пластичниот ПЕТ отпад од секоја општина, Пакомак повторно ќе ги инвестира во неа, преку идни еколошки проекти. Планот на компанијата е да ја прошири мрежата на подземни контејнери во повеќе општини и градови и со зајакнување на комуналната инфраструктурна мрежа да го направи селектирањето и рециклирањето на отпадот лесно достапно до секое домаќинство во земјата.

20 ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ „БИДИ ИН КОРИСТИ РИСАЈКЛ БИН“ ВО ГРАДИНКИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Согласно со позитивните искуства од проектот „ Биди ин користи рисајкл бин“, спроведен во градинките во општина Центар, позитивната практика продолжи и низ градинките во општина Гази Баба.

Согласно националните цели за подигнување на јавната свест за потребата од селакција, собирање и третман на отпад од пакување, ПАКОМАК во непосредна соработка со Општина Гази Баба и Здружението на граѓани за заштита на животната средина и просторно планирање ПЛАНКТОНИУМ, ја спроведе едукативната кампања „БИДИ ИН КОРИСТИ РИСАЈКЛ БИН“. Во рамки на кампањата реализирана е обука кај најмладата популација во која се опфатени дечињата на возраст од 4 до 6 години од средните и големите групи при државните градинки во Општина Гази Баба.

На обуката најмладите беа информирани за правилното селектирање на отпадот од пакување и потребата од рециклирање на отпадот во однос на заштита на природата и зачувување од загадување на воздухот,водата и почвата.

Програма на едукативната кампања „БИДИ ИН КОРИСТИ РИСАЈКЛ БИН“ се спроведе во Општина Гази Баба во следните две градинки кои имаат вкупно 11 објекти во следните термини:

1. Градинката „ДЕТСКА РАДОСТ“

- Објект МИМОЗА – одржана едукација на 6 мај 2014
- Објект ТЕМЈАНУШКА – одржана едукација на 7 мај 2014
- Објект СОНЧОГЛЕД- одржана едукација на 8 мај 2014
- Објект КАЛИНКА – одржана едукација на 9 мај 2014

2. Градинка „25 Мај“

- Објект СОНЦЕ – одржана едукација на 12 мај 2014
- Објект ЦВЕТ- одржана едукација на 13 мај 2014
- Објект МОРКОВЧЕ- одржана едукација на 13 мај 2014
- Објект ПОНИ- одржана едукација на 14 мај 2014
- Објект ДЕТЕЛИНКА- одржана едукација на 14 мај 2014
- Објект СИНОЛИЧКА- одржана едукација на 15 мај 2014
- Објект ИСКРА – одржана едукација на 15 мај 2014

Кампањата е успешно реализирана во сите планирани градинки. Децата беа заинтересирани за темата и постојано поставуваа прашања во текот на едукацијата. Резултатите се согледаа и во индивидуалните последователни активности на градинките за селектирање, собирање и предавање на отпадот од пакување на лиценцирани компании. Пакомак ќе продолжи и во иднина да спроведува едукативни кампањи во другите општини на градот Скопје, како и низ Републиката, за да ја подигне на повисоко ниво еколошката свест кај децата.

21 ПАКОМАК НА SKOPJE STREET FESTIVAL

Во рамки на активностите на Пакомак за подигнување на јавната свест за рециклирањето, компанијата беше дел од јунскиот Skopje Street Festival.

На фестивалот беа поставени канти за собирање на пластика и хартија, па сите посетители добија можност да го селектираат својот отпад и да придонесат за почиста животна средина. Пакомак останува да биде дел од културното живеење на град Скопје и преку присуството на различни манифестации да го зацврстува својот имиџ на зелена компанија која им помага на граѓаните да се вклучат во „борбата“ за почиста животна средина.

22 ДОДЕЛЕНИ КАРТИ ЗА КОНЦЕРТОТ НА X-FACTOR

За постојан дијалог со граѓаните, Пакомак активно ја води својата Фејсбук-страница преку која ги информира фановите за важноста од селектирањето и рециклирањето на отпадот како предуслов за почиста животна средина.

Во рамки на своите постојани едукативни активности, компанијата поставуваше интересни екопрашања на својата Фејсбук-страница. Најсреќните учесници, кои дадоа точен одговор на прашањата, добија бесплатни карти за концертот на X-FACTOR.

Компанијата верува дека со пријателски тон и на забавен начин може силно да влијае во развивањето на еколошките навики кај граѓаните.

23 ФЕЈСБУК АПЛИКАЦИЈА “САКАМ ДА БИДАМ”

Во текот на месец мај на Фејсбук страницата на Пакомак беше спроведена апликацијата „Сакам да бидам“. Целта на апликацијата беше да се едуцираат Фејсбук фановите за рециклирањето на отпадот од пакување и да се поттикне нивно размислување во истата насока. При стартувањето, апликацијата на фановите им нуди да одберат кој тип на предмет би сакале да го рециклираат. Откако ќе одберат, за да може да го рециклираат предметот треба да добијат помош од нивните пријатели. На крај натпреварувачот со најмногу рециклирани производи - Мартин Таламаноски беше прогласен за победник и ја доби главната награда – таблет. Наредните 12 играчи со најдобри резултати си добија еко торба од Пакомак.

24 КОНЦЕРТ SOUND OF GREEN

Пакомак, трета година по ред, го организираше екофестивалот „Sound of green“.

Концертот се одржа на 28 јуни, на Градската плажа-Камени мост, во центарот на Скопје.

Пред скопската публика настапија „Суперхикс“, „Паркети“ и DJ Goce D'Sauce. Влезници за концертот не се продаваа, туку се добиваа во замена за три празни пластични шишиња од која било големина. Беа собрани повеќе од 5300 пластични шишиња.

Оваа година за прв пат концертот беше поддржан од Пасворд продукција затоа што Пакомак потпиша договор за соработка со продукцијата и стана еколошки партнер на сите настани и концерти кои ќе бидат во нивна организација. Целта на двете компании е со заеднички напори да се потрудат добрите еколошки навики да станат дел од музичките збиднувања во Македонија.

www.pakomak.com.mk

АПРИЛ - ЈУНИ 2014

ПАКОМАК

Packaging Recovery Organisation Europe
PRO EUROPE